НУМ - 01/2014

Број: 3813/8 од 22.12.2014 год.
Датум на примена: 01.01.2015

# ДОПОЛНИТЕЛНИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА РАКОВОДИТЕЛИ (МЕНАЏЕРИ) ОД ПОСЛЕДИЦИ НА НЕСРЕЌЕН СЛУЧАЈ (НЕЗГОДА)

## ОПШТИ ОДРЕДБИ
### Член 1

(1) Овие Дополнителни услови за осигурување на раководители (менаџери) од последици на несреќен случај (незгода) со примена на валутна клаузула - (во понатамошниот текст:Дополнителни услови), се составен дел на договорот за осигурување на раководители (менаџери) од последици на несреќен случај, што договорувачот на осигурувањето ќе го склучи со Акционерското друштво за осигурување Сава Осигурување Скопје (во понатамошен текст: Осигурувач).

(2) Со овие Дополнителни услови се регулираат односите помеѓу договорувачот на осигурувањето и осигурувачот по договорените облици на осигурување за во случај на:

-смрт од последици на несреќен случај;

-смрт од болест;

-траен губиток на општата работна способност (инвалидитет) од последици на несреќен случај;

-преодна неспособност за работа (дневен надомест), и

-за влошено здравје што бара лекарска помош (трошоци за лекување).

## СПОСОБНОСТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ
### Член 2

(1) Со овие дополнителни услови можат да се осигуруваат менаџери со старост од 20 до 70 години. Менаџери помлади од 20 и постари од 70 години можат да бидат осигурени по овие Дополнителни улсови со посебно одобрение од Секторот за развој и превземање на ризици во осигурување.

## ПОЧЕТОК И ТРАЕЊЕ НА ОСИГУРУВАЊЕТО
### Член 3

(1) Без оглед на договореното траење на осигурувањето, осигурувањето престанува за секој пооделен осигуреник во 24,00 часот, оној ден кога:

1) ќе истече годината на осигурувањето во која осигуреникот ќе наполни 70 години живот, освен ако не е склучено осигурување за осигуреник постар од 70 години;

2) ќе престане статусот на менаџер

## ОБЕМ НА ОБВРСКИТЕ НА ОСИГУРУВАЧОТ
### Член 4

(1) Кога ќе настане несреќен случај, во смисла на овие Дополнителни услови, осигурувачот ги исплатува осигурените суми кои се договорени во договорот за осигурување.

(2) Ако е договорено осигурување со вклучување на ризикот смрт од болест, осигурувачот е должен да исплати:

1) 50% од договорената осигурена сума ако смртта на осигуреникот настапи во текот на првите шест месеци на траењето на осигурувањето, односно од стапувањето во осигурување;

2) 50% од износот за кој е зголемена осигурената сума кога се врши зголемување на осигурената сума, а смртта на осигуреникот настапила во текот на првите шест месеци од извршеното зголемување на осигурената сума и договорената осигурена сума пред да се изврши зголемување на осигурената сума;

3) целата осигурена сума, ако смртта на осигуреникот настапи по шест месеци од почетокот на осигурувањето, односно од неговото стапување во осигурувањето;

4) целата осигурена сума, ако смртта на осигуреникот настапи по шест месеци од почетокот на извршеното зголемување на новодоговорената осигурена сума.

5) осигурувачот е должен да ја исплати договорената сума кога смртта на осигуреникот настапила во текот на првите шест месеци на траење на осигурувањето кај договорите за осигурување кои се обновени пред истек на претходниот договор за осигурување.

(3) Целата осигурена сума за случај на смрт поради болест ја исплатува осигурувачот на корисникот и ако осигуреничка почине во текот на првите шест месеци на траењето на осигурувањето за време на бременост или породување;

(4) Договорувачот на осигурувањето односно осигуреникот има право на надомест и во случај:

1) кога не е извршена исплата за случај на смрт или траен инвалидитет, има право на надомест на 89,00% од уплатената премија за случај на смрт (смрт од незгода и болест), доколку исплатата се врши на осигуреникот или договорувачот кој е физичко лице исплатата се намалува за износот на персонален данок. Персоналниот данок го плаќа осигурувачот и за платениот данок му дава потврда на осигуреникот односно договорувачот.

2) кога е извршена исплата за случај на траен инвалидитет, има право на надомест на разликата помеѓу исплатениот износ и износот од 89% од уплатената премија за случај на смрт (смрт од незгода и болест) доколку исплатата на разликата се врши на осигуреникот или договорувачот кој е физичко лице исплатата се намалува за износот на персонален данок. Персоналниот данок го плаќа осигурувачот и за платениот данок му дава потврда на осигуреникот односно договорувачот.

## НАДОМЕСТОЦИ И ДАНОЦИ
### Член 5

(1) Договорувачот е должен да ги плати надоместоците за сите услуги кои посебно ги бара од осигурувачот и тоа во висина која ја одредил осигурувачот.

(2) Договорувачот е должен со договорената премија да ги плати и сите давачки како и даноци кои ќе бидат пропишани со законски прописи или други акти, освен персоналниот данок (доколку исплатата на надоместокот се врши на физичко лице), кој осигурувачот го плаќа и за тоа му доставува потврда на осигуреникот/договорувачот.

(3) Кога корисникот на осигурувањето е договорувачот на осигурувањето истиот е должен по прием на исплатата на надоместокот предвиден во член 4 од овие услови од страна на осигурувачот по склученото осигурување да ги плати сите давачки како и даноци кои се и ќе бидат пропишани со законски прописи или други акти.

(4) Кога корисникот на осигурувањето е физичко лице, при исплата на надоместокот предвиден во член 4 од овие услови, осигурувачот е должен утврдениот надоместок да го намали за износ на име давачки како и даноци кои се и ќе бидат пропишани со законски прописи или други акти.

**ВАЛУТНА КЛАУЗУЛА**
**Член 6**

(1) Премијата за осигурување и осигурените суми се договараат во валутна клаузула-ЕВРО.
(2) Премијата за осигурување се плаќа во денарска противвредност на ЕВРО, пресметани по средниот курс од Индикативната курсна листа на Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата на премијата.
(3) При исплата, исплатата се врши во денарска противвредност на ЕВРО, пресметани по средниот курс од Индикативната курсна листа на Народна банка на Република Македонија на денот на пресметката за исплата.

**ВАЖНОСТ НА ОПШТИТЕ УСЛОВИ**
**Член 7**

(1) На осигурувањата склучени по овие Дополнителни Услови се применуваат и Општите Услови за осигурување од несреќен случај (незгода), доколку не се во спротивност со овие Дополнителни Услови .

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**
**Член 8**

(1) Овие Дополнителни Услови влегуваат во сила со денот на донесувањето, а ќе се применуваат од 01.01.2015 година, со што престануваат да важат Условите за осигурување на раководители (менаџери) од последици на несреќен случај (незгода) со примена на валутна клаузула, донесени од страна на Одборот на директори од 31.03.2014 година.

***САВА осигурување, а.д. Скопје***
***Одбор на директори***
***Претседател***
***Рок Мољк***